Бесправно изградениот објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, дел од зграда 3 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1 е изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација за ДУП за изменување и дополнување на дел од ДУП М.З.. Цветан Димов – Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8,10) донесен од Советот на општина Кисела Вода со одлука број 07-4693/2 од 06.07.2012 година е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во «Службен гласник на Општина Кисела Вода».

Број 09-3736/11
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров“ бр.15, за зграда бр. 2, бр. 12 и бр. 13 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1

1.Се објавува Одлуката за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров“ бр.15, за зграда бр. 2, бр. 12 и бр. 13 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/10
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода («Службен гласник на Град Скопје» бр. 8/05 и «Службен гласник на Општина Кисела Вода» бр. 13/2006), член 10. став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“23/11, 54/11, 155/12, 72/2013, 44/14, 115/14 и 199/14), а во врска со барањето на лицето Снежана Кицеска од Скопје, со стан на ул. «Иван Козаров“ бр.15, заведено под Уп.бр.08-8674/1 од 25.08.2011 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

## О Д Л У К А

за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров“ бр.15, за зграда бр. 2, бр. 12 и бр. 13 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1

### Член 1

Општина Кисела Вода нема да донесе урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или пак истата нема да се предвиди по поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект заведено под број Уп.бр.08-8674/1 од 25.08.2011 година.

Бесправно изградениот објект на ул. «Иван Козаров“ бр.15, за зграда бр. 2, бр. 12 и бр. 13 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1 е изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација за ДУП за изменување и дополнување на дел од ДУП М.З.. Цветан Димов – Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8,10) донесен од Советот на општина Кисела Вода со одлука број 07-4693/2 од 06.07.2012 година е предвидена изградба на сообраќајна инфраст руктура.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во «Службен гласник на Општина Кисела Вода».

Број 09-3736/12
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изградени објекти на ул. «Иван Козаров» бр. 15, КП 794/2, КО Кисела Вода 1

1.Се објавува Одлуката за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изградени објекти на ул. «Иван Козаров» бр. 15, КП 794/2, КО Кисела Вода 1, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/11<br>
01.06.2015 година<br>
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општина Кисела Вода<br>
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода («Службен гласник на Град Скопје» бр. 8/05 и «Службен гласник на Општина Кисела Вода» бр. 13/2006), член 10. став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија"23/11, 54/11, 155/12, 72/2013, 44/14, 115/14 и 199/14), а во врска со барањето на лицето Миле Митков од Скопје ул. «Улоф Палме» бр. 15, заведено под Уп.бр.08-9018/1 од 26.08.2011 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

## О Д Л У К А

за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изградени објекти на ул. «Иван Козаров» бр. 15, КП 794/2, КО Кисела Вода 1

### Член 1

Општина Кисела Вода нема да донесе урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или пак истата нема да се предвиди по поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект заведено под број Уп.бр.08-9018/1 од 26.08.2011 година.

Бесправно изградениот објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, КП 794/2, КО Кисела Вода 1 е изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација за ДУП за изменување и дополнување на дел од ДУП М.З.. Цветан Димов – Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8,10) донесен од Советот на општина Кисела Вода со одлука број 07-4693/2 од 06.07.2012 година е предвидена  изградба на сообраќајна инфраструктура.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во «Службен гласник на Општина Кисела Вода».

Број 09-3736/13
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, на КП 794/1, КО Кисела Вода 1

1.Се објавува Одлуката за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, на КП 794/1, КО Кисела Вода 1, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/12
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода («Службен гласник на Град Скопје» бр. 8/05 и «Службен гласник на Општина Кисела Вода» бр. 13/2006), член 10. став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“23/11, 54/11, 155/12, 72/2013, 44/14, 115/14 и 199/14), а во врска со барањето на лицето Радмила Бојковска од Скопје, со стан на ул. «Улоф Палме“ бр.15-Б заведено во Уп.бр.08-9413/1 од 25.08.2011 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

О Д Л У К А

за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, на КП 794/1, КО Кисела Вода 1

Член 1

Општина Кисела Вода нема да донесе урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или пак истата нема да се предвиди по поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект заведено под број Уп.бр.08-9413/1 од 25.08.2011 година.

Бесправно изградениот објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, на КП 794/1, КО Кисела Вода 1, во Скопје – Кисела Вода е изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација за ДУП за изменување и дополнување на дел од ДУП М.З.. Цветан Димов – Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8,10) донесен од Советот на општина Кисела Вода со одлука број 07-4693/2 од 06.07.2012 година е предвидена изградба на сообраќајна инфраст руктура.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во «Службен гласник на Општина Кисела Вода».

Број 09-3736/14
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изграден објект на ул. «Улоф Палме» бр. 15, за зграда 4 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1

1.Се објавува Одлуката за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изграден објект на ул. «Улоф Палме» бр. 15, за зграда 4 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/13
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода («Службен гласник на Град Скопје» бр. 8/05 и «Службен гласник на Општина Кисела Вода» бр. 13/2006), член 10. став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија"23/11, 54/11, 155/12, 72/2013, 44/14, 115/14 и 199/14), а во врска со барањето на лицето Томислав Мутовиќ од Скопје ул. «Улоф Палме» бр. 15, заведено под Уп.бр.08-8537/1 од 25.08.2011 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

## О Д Л У К А

за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изграден објект на ул. «Улоф Палме» бр. 15, за зграда 4 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1

### Член 1

Општина Кисела Вода нема да донесе урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или пак истата нема да се предвиди по поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект заведено под број Уп.бр.08-8537/1 од 25.08.2011 година.

Бесправно изградениот објект на ул. «Улоф Палме» бр. 15, за зграда 4 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1 е изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација за ДУП за изменување и дополнување на дел од ДУП М.З.. Цветан Димов – Славија (блокови 1,2,3,4,5,7,8,10) донесен од Советот на општина Кисела Вода со одлука број 07-4693/2 од 06.07.2012 година е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во «Службен гласник на Општина Кисела Вода».

Број 09-3736/15<br>20 мај 2015 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на општина Кисела Вода<br>Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за давање согласност
за намената на инвестицијата

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/14
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

ОДЛУКА

За давање согласност за намената на инвестицијата

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Кисела Вода дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот "Изработка на урбанистички планови за с. Драчево и с. Усје".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3736/16
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за утврдување на приоритет на проект

1.Се објавува Одлуката за утврдување на приорите на проект, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/15
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

ОДЛУКА

За утврдување на приоритет на проект

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот "Изработка на урбанистички планови за с. Драчево и с. Усје".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3736/17
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Одлука за давање согласност
за намената на инвестицијата

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестиција, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/16
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

ОДЛУКА

за давање согласност за намената на инвестицијата

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кисела Вода дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот ”Реконструкција на Дом на култура вос. Драчево ”.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-3736/18
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за утврдување на приоритет на проект

1.Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/17
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

ОДЛУКА

за утврдување на приоритет на проект

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот ”Реконструкција на Дом на култура во с. Драчево ”.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3736/19
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот од Комисијата за следење
на состојбата од појава на заразни болести на подрачјето на
Општина Кисела Вода во 2014 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот од Комисијата за следење на состојбата од појава на заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2014 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/18
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 104 од Статутот на Општина Кисела Вода («Службен гласник на Град Скопје» бр. 8/05 и «Службен гласник на Општина Кисела Вода» бр. 13/2006), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот од Комисијата за следење
на состојбата од појава на заразни болести на подрачјето на
Општина Кисела Вода во 2014 година

1.Се усвојува Извештајот од Комисијата за следење на состојбата од појава на заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2014 година.

2.Овој Заклучок да се достави до Комисијата за следење на состојбата од појава на заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2014 година.

3.Заклучокот ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3736/20
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2015 година со Акционен план за спроведување на општи мерки за заштита од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2015 година со Акционен план за спроведување на општи мерки за заштита од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/19
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 3, 12 и 14 став 2 и 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести ( ,,Сл.весник на Р.М. « бр.66/04, 139/08 и 99/09- и 149/14, член 22 точка 4 и 9 од Законот за локална самоуправа ( ,,Сл.весник на РМ» бр. 5/02), член 16 точка 2 алинеа 1, точка 4 алинеа 3,10,11, точка 8 алинеа 5 од Статут на Општина Кисела Вода( ,,Службен гласник на Град Скопје» бр.8/05 и ,, Службен гласник на Општина Кисела Вода» бр.13/06, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и осмата пленарна седница одржана на 20 мај 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2015 година со Акционен план за спроведување на општи мерки за заштита од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода**

## 1. ВОВЕД

**Здравје** е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци. Оваа дефиниција е дадена од Светска здравствена организација (1948 г) и го опишува човековото здравје во неговата сеопфатна смисла.
**Заразна болест** е заболување предизвикано од биолошки агенс ( бактерии, вируси, паразити, габи) или нивни токсини кое може на директен или индиректен начин да се пренесе на луѓето. Спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите ,е еден од основните приоритети на здравствената заштита на населението.

## 2. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Спроведувањето на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на населението е пропишано со законската регулативана :
**1)** Член 3, 12 и 14 - став 2 и 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести Сл. Весник на Р.Македонија, бр.66/04. 139/08 и 99/09 и 149/14)
**2)** Член 16 – став 1(алинеа 1,2,3,4,), 26-став 1(алинеа 4) од Законот за здравствена заштита (,,Службен весник на РМ» број 38/92/1. 46/93, 55/95, 17/97 пречистен текст,10/04 и 84/05
**3)** Член 15 , точка 2, 4 од Законот за градот Скопје ( Сл. Весник на Р.Македонија бр. 55/04)
**4)** Член 22 точка 4 и 9 од Законот за локалната самоуправа ( Сл. Весник на Р.Македонија бр. 5/02).
**5)** Член 2 (точка 2,4 ), член 6 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ, бр.22 од 15.02.2010 година

### 2.1.Одредби од Законот за заштита на населението од заразни болести со кои се уредени надлежностите на општината се:

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 3.

Органите на државната управа, органите на општините и градот Скопје, здравствените установи и другите правни и физички лица се должни, во рамките на своите надлежности и права и обврски, да соработуваат и да разменуваат информации за спроведувањето на мерките за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на заразни болести и на инфекциите пропишани со овој закон

Член 10.

Центрите за јавно здравје ја следат епидемиолошката состојба со заразните болести на подрачјето за кое се основани и за состојбата го известуваат Институтот за јавно здравје на Република Македонија и општините и градот Скопје.

Центрите за јавно здравје , на барање на општините и градот Скопје, се должни да им доставуваат информации за состојбите со заразните болести на подрачјето за кои се основани.

1.МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Член 12

Општи мерки кои се спроведуваат за заштита од заразни болести се:
1) обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2) обезбедување санитарно- хигиенски и други услови , во производството , подготвувањето, чувањето и прометот на храната
3) отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина( вода, земјиште, воздух)
4) вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други хигиенско-технички мерки на населените места и јавните површини;
5) обезбедување санитарно – технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и јавни места;
6) обезбедување хигиенски исправна вода во бањите, рекреативни базени, езера и други рекреативни објекти и природни лекувалишта.
7) обезбедување на превентивно- промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки од ставот 1 точки 1, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член се должни да ги организираат и следат општините и градот Скопје.

Општите мерки од ставот 1 на овој член се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Во организирањето и следењето на општите мерки општините и градот Скопје можат да соработуваат со Центрите за јавно здравје.

Член 14

Советите на општините и на градот Скопје по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

**3. ЦЕЛИ**

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува со цел да се спречи ширењето на појавата на заразни болести, да се детектираат и отстранат причинителите за појавата на ширењето на заразните болести и сузбивањето на заразните болести Со Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, се утврдуваат :

1.Општите мерки
2. Активности
3. Извршителите на активностите
4. Временската рамка на извршување на активностите
5.Изворите на финансиските средства за реализација на активностите во 2015 година

**3.1. Општи мерки**

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините на предлог на Центрите за јавно здравје и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

**3.1.1 Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување ЦЕЛ**

Одржување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата ( физичка , хемиска и бактериолошка анализа) и објектите за водоснабдување на јавни чешми- каптирани извори.

Безбедна вода за пиење е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми во број кој претставува опасност по здравје на луѓето , како и отсуство на супстанции во концентрации кои сами или заедно со други претставуваат опасност по здравјето на луѓето.

Општина Кисела Вода не располага со пречистителни станици. 90% од вкупното население е приклучено на градски водовод, што значи не постојат други јавни претпријатија со сопствен локален водовод.

На територија на Општина Кисела Вода постојат Викенд населби и Хотелско – угостителски објекти , но сите тие се приклучени на градската водоводна мрежа.

Општината не располага со работни организации со сопствен водоснабдителен објект.

Општината има локации надвор од населени места на кои постојат јавни водоснабдителни чешми, споменични, рекреативни подрачја и тоа :

- Три Круши ( Ман. Св.Петка)
- Пеленица ( Ман.Св. Руса )

Во општина Кисела Вода има повеќе каптирани извори – јавни чешми :

- Во мз. Припор има два извора на вода во месноста,,Бабин Дол» и Теферич ( кај црквата Св.Преображени.
- Каптиран извор јавна чешма –Горномаалска чешма во село Драчево.
- Каптиран извор – јавна чешма – ЈЗУ -Центар за лечење на зависности-. уз. Кисела Вода.
- Каптиран извор – јавна чешма сред село Драчево.
- Каптиран извор- јавна чешма Св.Петка –Кисела Вода ( уз.Црниче).
- Каптиран извор- Јавни чешми- во кругот на црквата Св.Ѓорги и црква Св.Никита (уз Кисела Вода).

Сите локални јавни водоснабдителни објекти во населените места низ општина Кисела Вода се наоѓаат под градската водоводна мрежа.

Верификацијата на квалитетот и исправноста на водата за пиење ја следи ЈЗУ. Центар за јавно здравје согласност со Правилникот за безбедност на водата ( Сл.Весник на РМ бр.46/ 08 , по налог на Министерство за здравство на РМ согласно Годишната Национална програма за 2015 година

Контакт лице- Викторија Лазаркова тел.071 382 351

**3.1.2. Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина**

**Цел**

Заштита на населението и на животната средина со отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад, собирање на комуналниот смет од домаќинствата за одржување ,зачувување на здрава животна средина.

Општина Кисела Вода во Програмата (Ј) комунални дејности за 2015 година ги планира и реализира активностите кои произлегуваат од општите мерки од Законот за заштита на населението од заразни болести:

Во согласност со Законот за јавна чистота , на територијата на Општина Кисела Вода се поставени 12 мобилни тоалетни кабини и тоа во повеќе паркови во општината и на места каде ќе се одржуваат разни манифестации.

Изнајмување, транспорт, монтажа и одржување на санитарните мобилни тоалети во 2014-2015 година,. одговорна е фирмата ДТУ МСС мобилен санитарен сервис .

Финансиски средства се издвојуваат од Буџетот на Општина Кисела Вода - Програма за комунални дејности во подпрограма (Ј40) . Комуналниот отпад од домаќинствата го собира ЈП- Комунална хигиена на град Скопје.

Во општината има поставено контејнери за селектирање на отпад за пластична амбалажа., поставени се подземни контејнери за комунален отпад селектирање на отпад

Собирањето транспортирање на комуналниот отпад и други видови на неопасен и инертен отпад , се врши на уредени депонии –Дризла.

На територијата на Општина Кисела Вода има повеќе канали кои претставуваат извор за појава на заразни болести:

- мз Подстаница – се наоѓа Црн Канал – го чисти фирма ,,Водостопанство- Скопско Поле–Скопје
- канал на река Мала Рада- го чисти фирма ,,Водостопанство- Скопско Поле»

- мал канал Аџево ( на тромеѓа на уз населба Драчево, мз село Драчево)
- канал во уз Пржино
- мал канал во село Драчево ( кај гробиштата )
- Усјански канал

Чистењето на каналите се врши еднаш годишно, но и повеќе пати во колку се создаде потреба а надлежна е фирмата Водостопанство Скопско Поле- Скопје.

Просторот околу ЈЗУ - Центарот за лечење на зависници во Општина Кисела Вода го чисти фирма кој има склучен договор со Општина Кисела Вода.

Финансиски средства за чистење на каналите се издвојуваат од буџетот на Општина Кисела Вода во програмата (Ј) комунални дејности на Општина кисела Вода за 2015 год – подпрограма (Ј80)

На територијата на општината депониите кои се создаваат и преставуваат опасност од појава на заразни болести се чистат во соработка со фирма надлежна за отстранување, транспортирање и депонирање на отпадот до уредени депонии. Со когја општината има склучено договор.

- Одговорно лице за контакт е Оливера Стојанова- тел. 075 /309 930
- Финансиски средства се издвојуваат од буџетот на Општина Кисела Вода

**3.1.3. Обезбедување на санитарно – технички и хигиенски услови во јавни објекти ( предучилишни установи и основни училишта)**

**Цел**

Одржување на хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

Следење на здравствената состојба на вработените во Јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни болести на најранливата група – децата.

Создавање на здрави поколенија преку континуирано следење на здравствената состојба на децата и учениците и нивна имунизација согласно правилникот за задолжителна имунизација во Р.Македонија.

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишни установи се изведува согласно со законската регулатива од страна на овластена установа за Дезинфекција, Дезинсекција , Дератизација ( во натамошниот текст ДДД) .

Во Општина Кисела Вода има две Јавни Детски Градинки :

1.ЈДГ « 8 МАРТ»

2. ЈДГ « Весели Цветови»

**Јавна Детска Градинка « 8 МАРТ»**

Во составот на **ЈДГ « 8 МАРТ»** на Општина Кисела Вода во град Скопје постојат 6(шест) објекти и 1(еден) објект во други просторни услови во општина Зелениково.

- **8 МАРТ- ,,Расадник»-уз.Расадник**
- **,,Пржино»-уз.Пржино**
- **«Ѕуница»-мз.село Драчево**
- **«Пеперутка I «- населба Драчево**
- **«Пеперутка II»- населба Драчево**
- **«Стапалче»-мз.Припор**

Во случај на појава на заразни болести установата контактира и пријавува во службата за епидемиологија при ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје. За следење на заразните болести кај децата во установата , одговорно лице е Олгица Стојановска , неговател на група.
Во установата одговорно лице за проверка на потврда за вакционалниот статус е Олгица Стојановска.
Здравствените - санитарни прегледи на сите вработени се извршуваат согласно законските прописи во овластена установа за вршење на санитарни прегледи.
Финансиски средства се обезбедени од Буџетот на установата за 2015 година. Задолжителна превентивна дезинфекција ,дезинсекција и дератизација се врши согласно законската регулатива во текот на годината , а во вонредни околности и повеќе пати. Активноста ја реализира овластена установа за вршење на ДДД согласно со спроведена постапка за јавна набавка.
Финансиски средства се обезбедени од Буџетот на установата за 2015 година.
Контакт лице е Олгица Стојановска тел. 071 / 225-764

Храната за деца во предучилишните установи се обезбедува согласно пропишаните стандарди и нормативи за исхрана на деца од предучилишна возраст.
Одговорно лице за следење на хигиенските услови во установата и следење на здравствено-санитетските контроли на вработените кои се во допир со храна е Олгица Стојановска.

Здравствената состојба на децата во установата ја следи и врши пријавување на заразни болести е Олгица Стојановска.
**Јавна Детска Градинка « ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ «**
Во составот на ЈДГ « ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ « на општина Кисела Вода во Град Скопје постојат 5 клона-објекти:

- **«Кокиче» во у.з 11 Октомври- згради**
- **«Синоличка» во уз.11.Октомври- згради**
- **«Сончоглед» во уз.Кисела Вода**
- **«Мимоза» во уз.Цветан Димов**
- **«Перуника» во уз.Црниче**

Во случај на појава на заразни болести установата контактира и пријавува во службата за епидемиологија при ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје. Одговорно лице за следење на заразните болести во ЈДГ ,, Весели Цветови» – на општина Кисела Вода во град Скопје е главната медицинска сестра Марија Димитрова.

Одговорно лице за проверка на вакциналниот статус на децата во ЈДГ ,, Весли Цветови» на Општина Кисела Вода во Град Скопје е одговорна главната медицинска сестра Марија Димитрова. Контакт тел. 071/368- 631 и 02/2776 – 236 Санитарниот преглед на вработените од градинките се врши во овластена установа за вршење на санитарни прегледи.

Санитарниот преглед за вработените во чајна кујна и во главната кујна се врши два пати годишно во овластена установа за вршење на санитарни прегледи , а во случај на појава на некое заразно заболување и повеќе пати во годината.

Финансиски средства за систематските и санитарните прегледи се обезбедени од сметката за наменска дотација на установата. Превентивната дезинфекција, дезинсекција, дератизација во установата се врши согласно законската регулатива, од страна на овластена установа за вршење на ДДД. Дезинфекција, дезинсекција,дератизација се извршува во објектите на градинката , на возилото на дистрибуција на храна.
Контакт лице за ДДД кое врши контрола на тековната дезинфекција и соработува со овластента установа за ДДД е Марија Димитрова- главна медицинска сестра.

Финансиски средства се обезбедени од сметката за наменска дотација на установата
Храната за деца во установата се обезбедува преку избрани фирми по пат на тендер, а истата се подготвува во централната кујна и во помошните кујни во објектите Одговорно лице за следење на хигиенските услови и за здравствено- санитетските контроли за вработените кои се во допир со храната е Марија Димитрова – главна медицинска сестра во ЈДГ ,, Весели Цветови « на општина Кисела Вода во Град Скопје. На територија на Општина Кисела Вода има **8 основни училишта.**

**ОУ. ,, Св.Климент Охридски»** Во училиштето во учебната 2014/2015 година има 497 ученици. Здравствено –санитарни прегледи на вработените се вршат еднаш годишно, но во случај на појава на заразно заболување и повеќе пати. Средствата се обезбедени од блок дотација на Општина Кисела Вода. Дезинфекцијата, дезинсекција и дератизација ја врши овластена установа за вршење на таа дејност.Контакт лице за ДДД е Јаневска Емилија –
Средствата за таа активност се издвојуваат од Буџетот на училиштето за 2015 година.
Во училиштето се одвива дневен престој . Храната за учениците за учебната 2014/2015 година пристигнува готова од ЈДГ. «8МАРТ « Просторијата каде се дели топлиот оброк , редовно се врши дезинфекција . Во училишната кујна и просторијата за дневен престој ДДД се извршува согласно законската регулатива.
Финансиски средства се обезбедени од сопствени средства на училиштето.

**ЦОУ,, Рајко Жинзифов»**
Во учебната 2014/2015 година има 862 ученика.
Контакт лице за соработка со овластена установа вообичаено е директорот/та или секретарот во училиштето. Вработените во училиштето секоја година вршат санитарен преглед во овластена установа за вршење на санитарни прегледи. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација се врши редовно, согласно законските прописи . Лице за контакт за ДДД е Петровска Николина – секретар во училиштето. Финансиски средства се обезбедуваат преку сметката 903 – блок дотации. Во училиштетто се реализира целодневна настава. Топлиот оброк го обезбедува фирма која се грижи и за хигиенско – техничките услови во кујната . Одговорно лице за следење на здравствено – санитарни прегледи на лицата кои се во допир со храната и вршење на ДДД е управителот на фирмата. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените во кујната и ДДД ги обезбедува самата фирма.

**ОУ. ,,Партенија Зографски»**

Во училиштето во учебната 2014/2015 г има 470 ученици.

Здравствено и санитарни прегледи на вработените се вршат согласно законските прописи во овластена установа за вршење на таа дејност.

Финансиски средства ги обезбедува училиштето. Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација се врши согласно законската регулатива , а истата ја реализира овластена фирма за вршење на ДДД услуги.

Лице за контакт кое ќе врши контрола на тековната дезинфекција и ќе соработува со овластената фирма за ДДД е Петровски Перица.

Финансиски средства ги обезбедува училиштето. Училиштето се одвива целодневна настава, храната ја обезбедува фирма која се грижи за обезбедување на санитарно – технички и хигиенските услови , ги следи здравствено- санитарните прегледи на лицата кои се во допир со храната. Фирмата обезбедува финансиските срества за вршење на ДДД.

**ЦОУ.,,Кузман Јосифовски- Питу»**

Во Општинското основно училиште,, Кузман Јосифовски-Питу,, во учебната 2014/2015 година ,наставата ја посетуваат 537 ученици. Превентивната дезинфекција, дератизација и дезинсекција се врши согласно законската регулатива од страна на овластена установа за вршење на ДДД услуги и тоа во Централното училиште и Подрачното училиште.

Вработените од училиштето еднаш годишно одат на санитарен преглед воовластена установа за вршење на санитарни прегледи.Финасиски средства се обезбедени од буџетот на училиштето. Во училиштето се одвива целодневна настава за учениците. Кујната и опремата се издадени под закуп на фирма кои ја обезбедуваат храната . Фирмата е одговорна за одржување на хигиенски услови во кујната и трпезаријата, за ДДД, за санитарен преглед на вработените во кујната. Фирмата ги обезбедува средствата за санитарните прегледи на своите вработени.

**ОУ. ,,Круме Кепески»**

Во учебната 2014/2015 год ,ОУ. Круме Кепески има 708 ученици. Во училиштето има назначено лице за следење на заразни болести – Магдалена Чоревска , педагог во училиштето- контакт тел 075/564 030; 02 2777 500 . Во училиштето се извршени здравствено санитарни прегледи на вработените и ситематски прегледи согласно законските прописи. За оваа активност се обезбедуваат финансиски средства од буџетската дотација и самофинасирачката дејност на училиштето.

Превентивна дезинфекција , дезинсекција и дератизација во двете училишни згради ја врши овластена установа за вршење на ДДД услуги. Финансиски средства се обезбедуваат од буџетската сметка на училиштето за 2015 година.

Се врши и секојдневно дезинфекции на училишните простории од страна на техничкиот персонал во училиштето со Дезинтал и др.средства за дезинфекција.
Дезинфекција на ходници, училници, работни простории,дезинсекција, дератизација на подрумски простории во училиштата се извршуваат од страна на овластена установа за вршење на ДДД услуги.на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје
- Здравствено -санитарните прегледи на сите вработени се извршуваат согласно со законските регулативи во установи овластени за вршење на таа дејност. Контакт лице за ДДД кое ќе соработува со овластената установа за ДДД е Ташко Плиастовски, , тел. 078 356 122 . Во училиштето се реализира целодневна настава, хигиенските услови ги одржува техничкиот персонал. Обезбедувањето на храна го врши фирма која е одговорна за обезбедување хигиенско- технички услови во кујните. Во училишната кујна ДДД се иврשува според законските регулатива а по потреба и повеќе пати од страна на овластена установа за вршење на таа дејност. Здравствено- санитарни прегледи на вработените во кујната се вршат според законските прописи. Контакт лице Билјана Ивановска , тел. 075 421 358.

**ОУ. ,, Кузман Шапкарев»**
Во учебната 2014/2015 година во училиштето се прикрепени 680 ученици. Здравствените прегледи на вработените се редовни и се запазува стандардниот минимум пропишан со Правилникот за здравствени прегледи. Редовно се вршат прегледи ( брис од нос и грло) Финасиски средства се обезбедуваат од Буџетот на училиштето за 2015 година.. Превентивна ДДД се врши редовно во согласност со законската регулатива за дезинфекција,де зинсекција,дератизација. Во училиштето се одвива целодневна настава за околу 130 ученици. Топлиот оброк го обезбедува фирма која се грижи санитарно-техничките и хигиенските услови во просториите каде се обезбедува храна. Одговорно лице за следење на здравствено – санитарните прегледи на лицата кои се во допир со храната е нивниот управител, а редовно доставуваат копии до директорот. Финансиските средства за ДДД ги обезбедува фирмата.

**ОУ « Кирил Пејчиновиќ**
Во учебната 2014/2015 година во училиштето се прикрепени 799 ученици
Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација се врши еднаш до двапати годишно а при појава на заразно заболување и повеќе пати годишно. Дезинфекција дезинсекција, дератизација со родентицидна маса е извршена на од страна на ЈЗУЦентар за јавно здравје – Скопје,служба за дезинфекција,дезинсекција, дератизација. Здравствено –хигиенските прегледи на вработените во училиштето се извршуваат согласно со законската регулатива за санитарни прегледи.

Во училиштето се реализира продолжен престој на ученици. Хигиенските услови ги одржува техничкиот персонал од училиштето во училниците. Обезбедување на храна за учениците и грижа за кујната е одговорна фирмата добиена по пат на јавни набавки., Здравствено – хигиенско и санитарни прегледи на лицата кои се во допир со храната ги врши овластена установа за вршење на санитарни прегледи, а финансиски средства ги обезбедува концесионерот. Извршена комплет ДДД на училишната кујна ја врши овластена установа за дезинфекција,дезинсекција, дератизација. Здравствени прегледи за вработените се врши согласно со законската регулатива за санитарни прегледи.

**ОУ ,, Невена Георгиева - Дуња»**

Во училиштето во учебната 2014/2015 година се прикрепени вкупно 512 ученици.

Во училиштето одговорен за следење на заразни болести на ниво на училиштето е одговорен педагогот на училиштето Калина Спироска, тел. за контакт 078/ 344- 993. Во училиштето секоја година се вршат здравствени прегледи на вработените согласно со законската регулатива. . Финансиски средства се обезбедуваат дел од сопствената сметка, дел од наменска дотација. Во училиштето редовно се врши превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација, согласно со законската регулатива од овластена установа за вршење на ДДД. Средствата се обезбедуваат од наменски дотација во зависност од тоа колку пати се врши превентивата.

Лице за контакт Руска Хаџи- Ангелеска, секретар.

Во ОУ.»Невена Георгиева -Дуња» има кујна која ја одржува фирма која се грижи за ДДД на просториите каде се дели храна од страна на овластена установа за дезинфекција,дезинсекција ,дератизација.

**3.1.4. Обезбедување на превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

**Цел**

Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку едукација на децата во основните училишта , градинките, на граѓаните во општината . Општината во соработка со Ј.З.У. Центар за јавно здравје –Скопје, невладини организации и други институции ќе организираат превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението. Училиштата и градинките во своите програми имаат спроведување на активности за унапредување и превенција на здравјето , заштита од заразни болести, одржување на хигиената и др.

**3.1.5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско – технички мерки во населени места и јавни површини (ДДД)**

Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во јавни институции, училишни, предучилишни установи, зелени пазари, депонии, и друго.

**Дезинфекција** – е активност која опфаќа повеќе активности и постапки за уништување, инхибирање на растот и размножувањето на патогените микроорганизми на интактна површина на телото, во секретите и екскретите, на предметите, материјалите и во просторот или одстранување на поголемиот број на микроорганизми.Со дезинфекцијата бројот на штетните микроорганизми се сведува на безопасна вредност по здравјето на човекот. Уништување на микроорганизмите може да биде со : механичко уништување, јонизирачко зрачење,UV зрачење, киселини и бази, алкогол, феноли, детергенти и др.

Превентивна дезинфекција се врши пред појава на заболувањето заради негово спречување. Дезинфекција на вода подразбира отклонување или уништување на факулатативни микроорганизми. Дезинфекцијата на водата може да се постигне со физички методи (превривање, ултравиолетови зраци, ултра звук - методи кои се скапи) хемиски методи од кој најприфатлив е хлорирање на водата, односно со користење на хлор – гас, или употреба на препарати кои ослободуваат во водата извесни количини на активен хлор.

Дезинсекција е активност која опфаќа повеќе активности и постапки за намалување на популацијата на штетни инсекти најмалку до прагот на штетност, за инхибирање на нивниот раст и спречување на нивното натамошно размножување или за комплетно уништување на присутната популација на штетни членконошци ( Артхопода) кои пренесуваат заразни болести или паразитираат во човечкото тело, предизвикуваат алергиски реакции, имаат токсично дејство. Со дезинсекцијата се уништуваат штетните видови инсекти кои пренесуваат заразни болести : муви, болви, оси, стршлени, комарци, крлежи , бубашваби.

Дератизација – е активност која опфаќа повеќе активности и збир на постапки за намалување на популацијата на штетните глодачи под прагот на штетност, инхибирање на нивното размножување или потполно уништување на присутната популација на штетни глодачи кои се природни резервоари и пренесувачи на причинители на заразни болести или се амбарски штетници или глодачи во складишта , силоси за жита и простории за храна.

Дератизацијата се врши со поставување на мамци за уништување на глувци, стаорци и други штетни глодари. Мамците –брикети се користат за уништување на штетни глодари, првенствено во системот на канализација, шахти, поред пречистувачи на отпадни води, на слободни површини и др. Гранули- се користат за уништување на штетни глодари , во домаќинствата, фармите, силосите, индустриски објекти и други затворени објекти.

Општина Кисела Вода во Програмата (Ј) комунални дејности за 2015 год во своите подпрограми ги планира и реализира активностите кои произлегуваат од општите мерки од Законот за заштита на населението од заразни болести Превентивната дератизација, дезинфекција, дезинсекција на територијата на Општина Кисела Вода, се врши два (2) пати годишно ( есен и пролет) од страна на овластена институција за извшување на таква дејност.
Одговорно лице за контакт е Цветанка Андреевска тел.070 259 920

**3.2. АКТИВНОСТИ**

**3.2.1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување**

• Примероци на вода за пиење земени за основна физичко- хемиска и бактериолошка анализа од следниве места (каптирани извори – јавни чешми ) :
Каптиран извор јавна чешма во месноста,,Бабин Дол» во мз .Припор. Каптиран извор јавна чешма кај црквата,, Свето Преображение»-во месноста Теферич во мз.Припор. Каптиран извор јавна чешма – црква Св.Руса месност Пеленица с.Драчево Драчево. Каптиран извор – јавна чешма – ЈЗУ -Центар за лечење на зависности-.во уз.КиселаВода.
Каптиран извор – јавна чешма сред село Драчево.
Каптиран извор – јавна чешма Горномаалска во село Драчево.
Каптиран извор- јавна чешма Св.Петка –Кисела Вода ( уз.Црниче). Каптиран извор – јавна чешма во кругот на црква Св.Ѓорги ( уз Кисела Вода) има 5 чешми.

• Извршител е Центарот за јавно здравје – Скопје, според нивната Годишна Програма за 2015 година.

• Временска рамка – 2 пати во годината се земаат примероци на водата од каптирани извори ( јавни чешми), а во вонредни услови се земаат примероци почесто во текот на годината.

• Поставување на табла со натпис ,,Водата не е безбедна за пиење « на оние јавни чешми кај кои анализите се негативни за безбедност на водата за пиење.

• Таблите со натпис ,,Водата не е безбедна за пиење» ги поставува општина Кисела Вода.

• На 17.07. 2014.год. и 11.09.2014 год. од страна на ЈЗУ –Центар за јавно здравје- Скопје земени се примероци на вода од наведените јавни чешми за лабараториска анализа во поглед на хемиска и бактериолошка исправност. Од добиените резултати од Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија, водата не е исправна за пиење и не одговара на Правилникот за безбедност на водата («Службен весник на РМ « број 46/08,) од следниве јавни чешми:

1. каптиран извор- чешма сред село Драчево
2. каптиран извор- чешма Горно маало село Драчево
3. каптиран извор- чешма Св.Петка уз.Црниче

Поставени се табли со натпис ,,Водата не е безбедна за пиење» од Општина Кисела Вода и документирано со фотографии.

•Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење на сите локални јавни водоснабдителни објекти во населените места низ Општина Кисела Вода кои се под градски водовод ја врши ЈП Водовод и канализација .

**3.2.2. Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина**

• Собирање , транспортирање и депонирање на комунален отпад на одредени депонии.

• Учество на комуналните редари и комуналните инспектори за следење на состојбата со комуналниот отпад во општината.

• Информирање на граѓаните за казнените одредби од законот за јавна чистота за недозволено депонирање на комунален отпад, цврст отпад.

• Чистење на дивите депонии што се создаваат, транспортирање и депонирање на отпадот на одредени депонии.

• Чистење на атмосферска и фекална канализација.

• Чистење на канали : -мз Подстаница –се наоѓа Црн Канал
--канал на река Мала Рада
-мал канал Аџево ( на тромеѓа на уз населба Драчево, мз село Драчево)
-канал во уз Пржино
-мал канал во село Драчево ( кај гробиштата )
-Усјански канал

•Поставување на подземни контејнери за комунален и селективен отпад .
•Обезбедување на санитарно – технички и хигиенски услови во јавни објекти ( предучилишни установи и основни училишта)
-Тековно одржување на хигиенски услови во предучилишните установи и основните училишта со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести. - Редовно дезинфицирање на подните површини и работните маси во предучилишните установи и на училишните клупи со средства за дезинфекција одобрени од Бирото за лекови и Министерство за здравство на Р. Македонија.
-Редовно дезинфицирање на санитарните чворови и секојдневно обезбедување на тоалетите со сапуни во предучилишните установи и училиштата.
-Задолжителна превентивна дератизација во предучилишните установи и основни училишта во согласност со законската регулатива за ДДД.
-Формирање на Комисија на ниво на предучилишните установи и основните училишта за следење на заразните болести.
-Назначување на контакт лице за соработка со Центарот за јавно здравје – Скопје.
-Назначување на контакт лице за ДДД кое ќе врши контрола на тековната дезинфекција, дезинсекција. дератизација и ќе соработува со овластената установа за ДДД.
-Доставување на Годишен извештај на предучилишните установи и училиштата до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт на општина Кисела Вода , со копија од потврда за извршената активност., кој ќе биде доставен до Комисијата за следење на состојбата со појава на заразни болести номинирана од локалната самоуправа и одговорна за реализација на Програмата. Годишниот Извештај ќе содржи информации за :
-Следење на Здравствената состојба, односно појава на заразно заболување

Извештај за извршена ДДД и кој ја врши ДДД.
-Извештај од санитарните прегледи на вработените во предучилишните установи и училиштата.
-Извештај за извршена ДДД во просториите на кујните на училиштата каде се одвива целодневна настава и дневен престој. Извештај од санитарниот преглед на вработените кои имаат допир со храната.

**3.2.4 Обезбедување на превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Изготвување на Програми со содржини за унапредување на здравјето на населението на локално ниво, основни училишта и градинки. Едукативни трибини за исхраната и здравјето. Едукација на населението за вектор преносливи болести-соработка со Центар за јавно здравје. Едукација за превенција од заразни болести кои ги предизвикуваат крлежи , глувци, и др. штетници.

**3.2.5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско – технички мерки во населени места и јавни површини (ДДД)**

Општина Кисела Вода во Програмата (Ј) комунални дејности за 2015 год во своите подпрограми ги планира и реализира активностите кои произлегуваат од општите мерки од Законот за заштита на населението од заразни болести :

Спроведување на превентивната дератизација, дезинфекција, дезинсекција во јавните објекти на Општина Кисела Вода –комплекс бараки. Спроведување на превентивната дератизација, дезинфекција, дезинсекција во јавните објекти на Општина Кисела Вода – објектите на месните и урбани заедници.

Дератизацијата се врши два (2) пати годишно ( есен и пролет) на објекти на Општина Кисела Вода - комплекс бараки, со изложувања на родантицидна маса ( гранули) на определени места. Спроведување на системска дератизација на канализациониот систем, односно третирани се шахти со изложување на родентицидна маса на 3230 места , која е спроведена од овластена установа за таа дејност..

Одговорно лице - Цветанка Андреевска 070 259 920

Вршење на ДДД на јавни површини и зеленило, канали на територија на Општина Кисела Вода. Доставување на годишен извештај од предучилишните установи и училишта за извршената дезинфекција, дезинсекција, дератизација до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт на општина Кисела Вода , со копија од потврда за извршената активност., кој ќе биде доставен до Комисијата номинирана од локалната самоуправа одговорна за реализација на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита од заразни болести.

**3.3. Извори на финансиските средства за реализација на активностите од Програмата во 2015 година**

**3.3.1. Финансиски средства за реализација на активностите за 2015 година на ЈДГ во Општина Кисела Вода**

**- ЈДГ ,,Весели Цветови» и ЈДГ « 8 МАРТ»** за активностите за превентивна дератизација, дезинфекција,дезинсекција, издвојуваат финасиски средства од сопствениот Буџет.

**3.3.2 Финансиски средства за реализација на активностите за 2015 година на основните училишта**

- Основните училишта во општина Кисела Вода за активностите за превентивна дератизација, дезинфекција , дезинсекција, издвојуваат средства од сопствениот Буџет.

**- Во ОУ. ,,Св.Климент Охридски»** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените во кујната и ДДД ги обезбедува самата фирма.

**- Во О.У.,,Партенија Зографски»** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма.

**- Во О.У.,,Круме Кепески «** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма.

**- Во О.У. ,, Кузман Шапкарев»** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма, концесионерот.

**- Во О.У. ,, Кирил Пејчиновиќ»** се реализира продолжен престој на ученици. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма, концесионерот.

**- Во О.У. ,, Невена Георгиева - Дуња»** финансиски средства за ДДД се обезбедуваат од

**3.3.1. Финансиски средства за реализација на активностите за 2015 година на ЈДГ во Општина Кисела Вода**

**- ЈДГ ,,Весели Цветови» и ЈДГ « 8 МАРТ»** за активностите за превентивна дератизација, дезинфекција,дезинсекција, издвојуваат финасиски средства од сопствениот Буџет.

**3.3.2 Финансиски средства за реализација на активностите за 2015 година на основните училишта**

- Основните училишта во општина Кисела Вода за активностите за превентивна дератизација, дезинфекција , дезинсекција, издвојуваат средства од сопствениот Буџет.

**- Во ОУ. ,,Св.Климент Охридски»** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените во кујната и ДДД ги обезбедува самата фирма.

**- Во О.У.,,Партенија Зографски»** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма.

**- Во О.У.,,Круме Кепески «** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма.

**- Во О.У. ,, Кузман Шапкарев»** се реализира целодневна настава. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма, концесионерот.

**- Во О.У. ,, Кирил Пејчиновиќ»** се реализира продолжен престој на ученици. Финансиски средства за здравствено- санитарните прегледи на вработените и ДДД ги обезбедува самата фирма, концесионерот.

**- Во О.У. ,, Невена Георгиева - Дуња»** финансиски средства за ДДД се обезбедуваат од наменска дотација во зависност од тоа колку пати се врши превентивата.

**3.3.3 Финансиски средства за реализација на активностите на Општина Кисела Вода**

Активностите во оваа Програма Општина Кисела Вода ќе ги реализира со средствата од Буџетот за 2015 година во Програмата (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2015 год во своите подпрограми. Финансиските средства за изнајмување и одржување на јавни тоалети согласно со Законот за јавна чистота се од Програма (Ј) комунални дејности- Подпрограма ( Ј40 ) во потставката 426990 ( други оперативни расходи за изнајмување и одржување на јавни тоалети) и изнесуваат 600.000,00 ден.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација – финансиските средства се од Програма (Ј) комунални дејности- Подпрограма (Ј 80) други комунални дејности во подставката 424230 и изнесуваат 300.000,00ден. Собирање и депонирање на комунален и друг отпад – финасиските средства се Програма (Ј) комунални дејности од Подпрограма (Ј 80 ) други комунални дејности во подставката 426990 и изнесуваат 4.500.000,00 ден. Чистење на канали ( Усјански канал, канал во мз. Подстаница, Црн канал , канал во Пржино и др.канали – финансиски средства се од Подпрограма ( Ј 80) други комунални дејности во подставката 426990 и изнесуваат 5.000.000,00 ден.

Изработка на АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на активностите од Програмата за спроведување на општи мерки за заштита од заразни болести на територијата на Општина Кисела Вода за 2015 година.

Овие активности од Програмата и Акциониот план ќе се реализираат во соработка со Секторот за комунални дејности со финансиски средства согласно со Програмата на (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2015 год. во нивните Подпрограми.

Динамиката на реализирање на активностите ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2015 година.

Мониторинг над спроведувањето на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести ќе врши Комисијата за заштита од заразни болести, номинирана од локалната самоуправа, во соработка со претставник од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје кој е номиниран за надворешен член на Комисијата.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и соработка со невладин сектор.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето,истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3736/21
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување на Оперативниот план
за заштита и одбрана од поплави на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави на Општина Кисела Вода, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 мај 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4235/20
01.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

ДН/РД

Врз основа на член 104 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) и Законот за води (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.87/08, 161/09, 83/10, 51/11 и 44/12) и став 3 од Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и осмата пленарна седница, одржана на 20 мај 2015 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави на Општина Кисела Вода, за кој е добиено позитивно мислење од страна на Дирекцијата за заштита и спасување со допис бр.11-1-44/2 од 03.03.2015 година, заведен во Општина Кисела Вода под бр.22-1822/1 од 04.03.2015 година и од Центарот за управување со кризи допис бр.17-19/2 од 03.04.2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-3736/22
20 мај 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ДН/РД

## С О Д Р Ж И Н А :

1.Квартални извештаи К1,К2 и К3 за првиот квартал од 2015 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 година до 31.03.2015 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.......................................................................................................................3

2.Одлука за донесување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план Стакларница блок 9 и 10, Општина Кисела Вода, Скопје Предлог план, 2012-2017;................6

3.Одлука за утврдување на потреба од размена на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице на кое е предвидено изградба на објект од јавен интерес од локално значење-Новопроектирана улица 3, според Деталниот урбанистички план Стакларница;..............................................................11

4.Одлука за утврдување на потреба од размена на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице на кое е предвидено изградба на објект од јавен интерес од локално значење -Новопроектирана улица, според измени и дополнување на дел од Детален урбанистички план МЗ„Цветан Димов-Славија“ (блокови 1,2,3,4,5,7,8 и 10);...........................................................................13

5.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 13, на КП 797,КО Кисела Вода 1(Уп.бр.08-4340);................15

6.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 13А, зграда 1 на КП 796/1, КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-4950/1);.......................................................................................................................17

7.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 13, на КП 796/1, КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-5226/1);.........19

8.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, зграда 3 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-8212);..........................................................................................21

9.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, дел од зграда 3 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-8215);.......................................................................................................................23

10.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров“ бр.15, за зграда бр. 2, бр. 12 и бр. 13 на КП 794/1, КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-8674);..........................................................................................25

11.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изградени објекти на ул. «Иван Козаров» бр. 15, КП 794/2, КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-9018);.............27

12.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект на ул. «Иван Козаров» бр. 15, на КП 794/1, КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-9413/1);........29

13.Одлука за недонесување на урбанистичко-планска документација бесправно изграден објект на ул. «Улоф Палме» бр. 15, за зграда 4 на КП 794/1,
КО Кисела Вода 1 (Уп.бр.08-8537);...........................................................................................31

14.Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ”Изработка на урбанистички планови за с. Драчево и с. Усје”;...............................................................................................33

15.Одлука за утврдување на приоритет на проектот „Изработка на урбанистички планови за с. Драчево и с. Усје”;...................................................................................................................35

16.Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ”Реконструкција на Дом на култура во с. Драчево”;.............................................................................................................37

17.Одлука за утврдување на приоритет на проектот ”Реконструкција на Дом на култура во с. Др ачево”;.......................................................................................................................................39

18. Извештај од Комисијата за следење на состојбата од појава на заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2014 година;...............................................................41

19.Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2015 година со Акционен план за спроведување на општи мерки за заштита од заразни болести на подрачјето на Општина Кисела Вода;.........43

20.Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Кисела Вода................59